Објавено на: 23.12.2016 - 14:13

# Регионална конференција за архивирањето во културниот и граѓански сектор во Македонија

**Зоран Петровски, историчар на уметноста и кустос во НУ Музеј на современа уметност, истакна дека во времето на Југославија имало функционален аналоген систем на архивирање кој подразбирал и размена на каталози со другите институции од регионот, а сега постои само интерна база на податоци на музејските колекции и архивирањето се сведува на следење на само неколку печатени медиуми што е неприфатливо за денешно време**

Like 0 Share 0 G+1 0 Tweet




(articleImage.img/2016/12/23/регионална_конференција_за_архивирање_на_културата.jpg)

На синоќешната регионална конференција „Како да се архивира културата за граѓански промени“, во организација на ФРУ, која се одржа во ГЕМ-клубот во Скопје, панелистите од Македонија и регионот ги изложија најзначајните проблеми со кои се соочуваат при обидот да ја архивираат работата на независните културни иницијативи, граѓанските форми на отпор, како и колекциите на националните институции.

Анита Ивковиќ, историчарка на уметноста и претседателка на организацијата „Центар за современа уметност“ од Скопје, се наврати на идејата за креирање на дигитална база која би ги инкорпорирала архивските податоци од неколку национални музеи и галерии во Македонија, идеја која за жал пропаднала поради недостаток од интерес за соработка од страна на институциите.

- Од Центарот за современа уметност во 1998 година произлезе идејата да се направи една дигитална датабаза на севкупните архиви на неколку институции: Музејот на современата уметност, Музејот на град Скопје, Националната галерија и Уметничката галерија од Битола. Сето тоа за жал не успеа. Ние ја направивме базата, се одржаа обуките и потоа се соочивме со отпор од вработените во институциите кои немаа желба понатаму да се вклучат во проектот - рече Ивковиќ.

Зоран Петровски, историчар на уметноста и кустос во НУ Музеј на современа уметност, истакна дека во времето на Југославија имало функционален аналоген систем на архивирање кој подразбирал и размена на каталози со другите институции од регионот, а сега постои само интерна дата база на музејските колекции и архивирањето се сведува на следење на само неколку печатени медиуми, што е неприфатливо за денешно време.

- Идејата да се направи независен центар за документација на современата уметност во Македонија, никогаш не се реализира, поради фактори како немање на доволно финансии, а и недостиг на упорност тоа да се истурка до крај – вели Петровски.

Тој исто така ја презентираше и онлајн платформата - проект на асоцијацијата на ликовни критичари и куратори на Македонија (AICA), која тековно ја надоградуваат.
Илина Јакимовска, авторка и професорка на Институтот за етнологија и антропологија на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, преку практични примери од праксата ги посочи проблемите со кои се соочуваат истражувачите и антрополозите во Македонија.

- Темите поврзани со формите на отпор се доста привлечни за истражувачите, но истражувањето на крај може да се претвори во разузнавачки извештај за центрите на моќ, бидејќи содржи детални описи за изворите, односно информерите – вели Јакимовска додавајќи дека ова неретко води до етичка недоумица за почитување на приватноста на изворите кои говорат за сензитивни теми од една страна и почитување на ригидниот систем на архивирање кој бара детални податоци од друга страна.

На панелот учествуваа и Гордан Босанац, програмски координатор во организацијата „Центар за мировни студии" во Загреб, кој ја изложи накратко реализацијата на идејата да се архивира една своевидна повест за хомосексуалноста во Хрватска. Присутни беа и Рок Вевар и Јасмина Железник од словенија. Рок Вевар е независен драматург и архивар на современиот танц кој го направил првиот приватен словеначки архив на танцот кој сега служи како јавен сервис, кој претежно го користат луѓето од НВО-секторот и академиците кои не можат да ги најдат потребните материјали во државните архиви. Јасмина Заложник, теоретичарка на независната сцена и кураторка, пак, говореше за својата специјалност - супкултурата во Љубљана.

Ивана Васева, кураторка и програмска директорка на организацијата „ФРУ – Факултет за работи што не се учат", истакна дека при реализацијата на проектот Култура за граѓански промени, таа и нејзините соработници сметале дека во контекст на независната културна сцена е значајно да го таргетираат проблемот со архивирањето и токму затоа ја организирале конференцијава.

Регионалната конференција „Како да се архивира културата за граѓански промени?", работилницата „Архивирање на прекаријатната работа" и прикажувањето на претставата „Битката на Неретва" од Борис Бакал, се одржаа на 21 и 22 декември во Скопје, во склоп на проектот „Култура за граѓански промени" како продолжение на активностите на Фестивалот за современи уметности ПОП АП АКТО, организиран од ФРУ (Факултет за работи што не се учат).

Телеграф.мк

(http://chats.viber.com/telegraf.mk)

Тагови: култура (keyword-listing.nspx?keyword=култура)архивирање (keyword-listing.nspx?keyword=архивирање)

Like Share Be the first of your friends to like this. G+1 0 Tweet

0 Comments TelegrafMK 1 Login

Recommend Share Sort by Best

Start the discussion…

Be the first to comment.

Subscribe Add Disqus to your siteAdd DisqusAdd Privacy

TELEGRAF.MK

Like Share Biljana Radinoska and 103K others like this. G+1 0 Tweet

© Телеграф 2016/Сите права се заштитени |

‹ ›